# Дневна хемеротека за *27.11.2015г.*

## МИА – *[Претставен проектот за управување со сливот на реката Брегалница]*

ПЕТОК, 27 НОЕМВРИ 2015, 11:13:31

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕ

Насловна | Екологија

### Претставен проектот за управување со сливот на реката Брегалница

Препорачај 9

четврток, 26 ноември 2015 14:39



**Кочани, 26 ноември 2015 (МИА)** - Проектот за управување со сливот на реката Брегалница денеска беше презентиран во Кочани. Проектот е финасиран од Швајцарската влада, а имплементиран од Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На презентацијата присуствуваа претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, од Источниот плански регион, како и градоначалници од 15-те општини вклучени во проектот.

- Ја претставивме финалната верзија на Планот за управување со речниот слив на Брегалница, со кој по четиригодишна успешна подготовка можеме да бидеме задоволни. Финалната верзија на планот е резултат на истражувањата на терен и се надеваме дека наредните шест години со овој план ќе имаме и подобрена состојба со сливот на реката Брегалница. Во ова многу ни помогаа и општините од регионот кои се заинтересирани за заштитата на сливот на реката, истакна Владимир Ставриќ, заменик проектен менаџер.

Тој истакна дека за реализација на овој план се инвестирани 4 милиони швајцарски франци, донација од швајцарската Влада и 8 илјади франци учество на општините од регионот и на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Од овие средства, истакна Ставриќ, досега се потрошени половината за реализација на 18 мали инфраструктурни проекти во 15 општини од сливот на Брегалница, од кои 15 мали проекти по првиот повик и 3 прокти по вториот повик.

По презентацијата на Проектот за управување со сливот на реката Брегалница беа доделени сертификати за успешно реализирани мали инфраструктурни проекти на сите 15 општини од Брегалникиот регион. кг/мд/**14:37**

## Сител – *[Претставен проектот за управување со сливот на реката Брегалница]*

Проектот за управување со сливот на реката Брегалница денеска беше презентиран во Кочани. Проектот е финасиран од Швајцарската влада, а имплементиран од Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за .

## Вечер - Прводшува изградбата на кејот на Брегалница

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА

ДЕЛЧЕВО

# Привршува изградбата на кејот на Брегалница

27 ноември 2015 - 09:11

Like Share 0 Tweet

**Завршуваат градежните работи за изградба на кејот на реката Брегалница во центарот на Делчево, како дел од проектот кој Делчево го работи во парнерство со Благоевград од соседна Бугарија со цел заштита од поплави.**



Координаторот на проектот Тони Стоименовски од ЛЕР на Општина Делчево, посочи дека иако договорот за изградба на кејот завршува во февруари идната година, на терен веќе се гледа дека работите се во завршна фаза.

- Можеме да видеме дека во центарот на Делчево, се уредува кејот од двете страни на реката во должина од 102 метри. Изграден е ѕид од двете страни на реката, кој и визуелно ќе го разубави овој дел од градот, исчистено е коритото на реката Брегалница, а истите активности се спорведуваат и во Општина Благоевград на реката Бистрица, рече Стоименовски.

Тој нагласи дека покрај директивата, планирано е да се разработат и целите на нашиот проект.

- Ние имаме за цел да ги мапираме критичните точки кои предизвикуваат поплави во Делчево, и нив ќе ги вградиме во документот што го работиме, а тоа е акцискиот план за заштита од поплави. Во нив ќе бидат вградени и препораки како да се отстранат тесните грла кои изминатиот период беа „виновни" за поплавите во Делчево. Откако ќе го изработиме документот ќе го доставиме до надлежните во Општина Делчево, рече Стоименовски.



Инженерот за животна средина Методија Саздов објасни дека Европската директива за управување со води е релативно нова, но во комбинација со искуствата од партнерите од соседна Бугарија, како европска земја, ќе се направи документ, според кој значително ќе се придонесе во спречување на поплавите.

- Сакаме да подготвиме еден план во кој ќе бидат вклучени сите засегнати страни, но и да им дадеме задача, во буквална смисла на зборот и на граѓаните, затоа што и тие во голема мерка влијаат во заштитата од поплави. Мислам дека со искуството на колегите од Бугарија, но и со нашите заложби овој план ќе одигра значителна улога во заштитата од поплави. Сепак, доколку се обезбедат средства за реализација на планот, можноста од поплави ќе биде намалена, рече Саздов.

Поректот „Мерки за заштита од поплави на реките Брегалница и Бистрица" е финансиски поддржан со 500 илјади евра преку Програмата за прекугранина соработка.Финалните резултати од проектот ќе бидат презентирани во јули идната година.

## Kanal 77 - Повторно се искачува концентрацијата на ПМ10 честички

РАДИО МРЕЖА КАНАЛ 77

# Повторно се искачува концентрацијата на ПМ10 честички

објавено пред 47 минути   24 Прегледи




За жителите на Скопје, Тетово и другите градови во Македонија, каде што загадувањето на воздухот е речиси континуирано на критично ниво - по краткотрајното подобрување на квалитетот на воздухот што го дишеме, повторно се искачува концентрацијата на суспендирани ПМ10 честички на ризичните нивоа.

Според мерењата на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, дождот и ветрот завршија добра работа и практично ја „ресетираа“ листата на градови со преку пет дена атмосфера загадена со повеќе од дозволените 50 μг/m³ суспендирани честички помали од 10 μм - моментално среднодневната концентрација на ниво над дозволеното е повисока само во Тетово и Кичево и во скопските населби Гази Баба и Центар.

Но до пред некој ден практично не постоеше мерно место во Македонија, каде што бројките не беа во црвено. Со оглед на опаѓањето на температурите, а со тоа и поголемата потрошувачка на енергенси за греење, во наредните денови ситуацијата ќе станува се' полоша, така што ни останува само да се надеваме дека времето ќе остане врнежливо и ветровито.

**Idividi - [Osmani dhe Skënderovski biseduan për gjetjen e zgjidhjeve për uljen e ndotjes së ajrit nga Jugohromi](#)**

iDIVIDI.COM.MK
2011/12 Superbrands Macedonia's Choice

# Osmani dhe Skënderovski biseduan për gjetjen e zgjidhjeve për uljen e ndotjes së ajrit nga Jugohromi

G+1 0 Tweet Më pëlqen Shpërndaje 0

Tetovë, 26 nëntor 2015 (MIA) - Në takimin e realizuar sot mes drejtorit të Jugohromit Vasko Skenderovski dhe njërit nga ambientalistët e mirënjohur në Maqedoni, profesorit universitar Dr. Afrim Osmani, u diskutua çështja e ndotjes së ajrit nga ana e Jugohromit dhe shqetësimi i madh që kanë ambientalistët nga helmimi i popullatës dhe shkatërrimi i natyrës.

Të dyja palët ishin të pajtimit së Jugohromi paraqet një katastrofë ekologjike, ngase arriti që qytetin e Tetovës ta bëjë qytetin më të ndotur në Evropë.

Ambientalisti Dr. Afrim Osmani kërkoi nga drejtori i Jugohromit, Vasko Skenderovski, që t'i ndërmarrë të gjitha masat e nevojshme dhe t'i plotësojë të gjitha standardet ekologjike që kërkohen, me qëllim të evitimit të këtij problemi të madh me të cilin po ballafaqohet jo vetëm Tetova, por i tërë Pollogu.

Në bisedën në fjalë u diskutuan mundësitë dhe hapësirat e bashkëpunimit se si të zbutet ndotja e ajrit, gjegjësisht si mund të ndihmohet situata në këtë rast nga faktorë të ndryshëm.

Gjatë bisedës, drejtori i Jugohromit mori për obligim që t'i ndërmerr këto hapa: ulja drastike e përdorimit të furrave, instalimi i pajisjeve të nevojshme, filtrave të domosdoshme ekologjike, që ka edhe për obligim ta bëjë, me çka do të vijë në shprehje ulja e ndotjes së ajrit, investime të ndryshme, me çka do të kompensohen deri diku dëmet e bëra deri tani.

Gjithashtu ai përmendi ndërmarrjen e investime ekologjike në Tetovë, në rrethinën e Tetovës dhe më gjerë, uljen e punës së Jugohromit në ditë të mjegullta dhe rezultatet e para të priten në fillim të vitit të ardhshëm (mars,prill).

Kërkesa e profesor Afrim Osmanit ishte që Jugohromi sa më parë të angazhohet në tejkalimin e këtij problemi. Sipas tij, problemi zgjidhet vetëm me mbylljen e Jugohromit, por kjo u paraqit si shqetësim nga ana e drejtorit të Jugohromit, sipas të cilit me një veprim të tillë disa mijëra familje do të mbesin pa kafshatën e bukës.

Vërejtja e ambientalistit Afrim Osmani ishte se, vërtetë disa mijëra familje mund të mbesin pa kafshatën e bukës në rast të mbylljes së Jugohromit, por me funksionimin e tij të deritanishëm po helmohet dhe mbytet Tetova dhe gjithë Pollogu gradualisht.

Sëmundjet në rritje dhe vdekjet si pasojë e ndotjes së ajrit janë shqetësuese dhe japin shifra alarmante, edhe atë: sëmundjet e shpeshta kardiovaskulare, paraqitja e kancerit te të rinjtë dhe të rejat, dështimet e shtatzënisë, sulmet në zemër dhe në tru, si dhe një sërë sëmundje të tjera që para funksionimit të Jugohromit nuk gjendeshin ndër popullatë.

Rezultatet e para nga ty takim priten në fillim të dhjetorit, pra Jugohromi dot fillojë me ndërtimin dhe vënien e filtrave të nevojshme, kurse përfundimi pritet në fillim të vitit të ardhshëm. Në fund të takimit, të dyja palët rënë dakord që ky bashkëpunim të vazhdojë edhe më tutje me qëllim të tejkalimit të tërësishëm të kësaj krize ekologjike me të cilën ballafaqohet i tërë Pollogu.

Ambientalisti Dr. Afrim Osmani, po ashtu, i bëri thirrje edhe qeverisë që, në raste të këtilla, të mos aplikojë standarde të dyfishta, por problemin me Jugohromin ta rregullojë ashtu siç e rregulloi edhe çështjen e shkritores Zletovo në Veles.

Dr. Afrim Osmani bëri një apel edhe deri te qytetarët e Tetovës, që t'i ndërmarrin të gjitha masat e nevojshme me qëllim të zvogëlimit dhe evitimit të ndotjes së ajrit sië janë, mospërdorimi i shpeshtë i automjeteve, shfrytëzimi i biçikletave, mosshfrytëzimi i drurit, vajit dhe qymyrit si lëndë djegëse, në veçanti në qytet, sensibilizimi i kësaj çështje dhe ngritja e vetëdijes te qytetarët se vetëm me mjedis të pastër e të shëndoshë mund të kemi një jetë normale si dhe organizimin e protestave të qeta dhe mitingjeve me qëllim të ndërprerjes së ndotjes së ajrit, etj.

## Бизнис Инфо - [Србија можеби ќе добие електрана на отпад што ќе произведува струја за 50.000 семејства]

БИЗНИСИНФО | БИЗНИС БЕЗ ПОЛИТИКА

Вести Интервјуа Анализи Како да... Ставов

# Србија можеби ќе добие електрана на отпад што ќе произведува струја за 50.000 семејства

27/11/2015



Србија е заинтересирана за изградба на електрана што ќе користи отпад како енергенс, пишува Политика.

Со користењето на комуналниот отпад може да се произведе електрична енергија доволна за потребите на 45.000 до 50.000 семејства во Србија.

Количеството на отпад значително се зголемува во Србија како последица од порастот на населението и производството на храна, а со тоа се проширија и депониите за отпад, коишто зафаќаат поголеми површини.

Светска пракса е земјите коишто користат отпад за производство на струја, со цел да ги намалат депониите, да воведат понизок данок за преработувачите на секундарни суровини, бидејќи на тој начин ја штитат животната средина.

Со формирање на регионални депонии, коишто ќе бидат траен извор на струја, би можеле да се вклучат во постоечката електрична мрежа и да ги зголемат резервите на електрична енергија.